


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

***За работата на Фондација за локален развој и демократија „Фокус“ за 2015 година***

2015

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

*за работата на Фондација за локален развој и демократија Фокус, Велес за 2015 год*

**Проширување на активностите на проектот во пелагонискиот и југозападен регион**

Почнувајќи од октомври 2015 година и микропретпријатијата од два нови региона пелагонискиот и југозападниот, можат да добиваат бесплатна помош за учество во постапките за јавни набавки. Проектот за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки, кој досега се спроведуваше во вардарскиот и североисточниот плански регион, сега ги проширува своите активности во овие два нови региона, односно во дополнителни 18 општини со повеќе од 150 локални институции кои спроведуваат јавни набавки.



Се очекува од новите региони да се пријават околу 100 микропретпријатија кои ќе ги добиваат следниве услуги: обука за учество на јавните тендери; специјален прирачник за микропретпријатија за учество на јавните набавки; секојдневна асистенција при регистрирање на Електронскиот систем за јавни набавки (што е услов за учество на тендерите), секојдневна помош при пополнување на тендерските документации; асистирање при учеството на електронските аукции; помош при секаков вид на прашања и проблеми поврзани со учеството на тендерите; помош при остварување на правната заштита; секојдневно информирање за огласите за јавни набавки што се објавуваат од институциите во опфатените региони (повеќе од 350 локални институции); информации за планираните годишни набавки на сите вклучени институции и други прашања и помош во насока на успешно учество на јавните набавки.

Проектот „Поддршка на микропретпријатијата до јавните набавки“ се реализира во партнерство со Центарот за граѓански комуникации од Скопје, невладината „ЕХО“ од Штип, а финансиски е поддржан од УСАИД.

**Обука за спроведување на целосно електронска постапка за јавни набавки**

Повеќе од 25 фирми од Велес, Кавадарци, Чашка, Штип и Виница ја посетија обуката за спроведување на целосно електронска постапка за јавни набавки. Постапката за учество на тендери за јавни набавки која се спроведува по целосно електронски пат на претставниците на микропретпријатијата им беше презентирана од сертифициран обучувач од Бирото за јавни набавки.



Ова знаење на микропретпријатијата ќе им послужи за нивен посигурен настап на пазарот на јавни набавки заради тоа што почнувајќи од први јануари 2016 година стапија на сила одредбите од законот за јавни набавки кои се однесуваат на задолжително спроведување на постапките за јавни набавки со користење на електронски средства во најмалку од 30 проценти од објавените огласи. Обуката се одржа во рамки на УСАИД проектот за поддршка на микропретпријатија до јавните набавки.

**Економско зајакнување на жени во Вардарскиот регион**

Фондација Фокус, во партнерство во ИРД, словенска невладина организација за меѓународна помош и развој, во период од 27 месеци, од Јули 2014 до Септември 2016 спроеведува проект за Економско зајакнување на жените од Вардарскиот регион, финансиран од Министерство за надворешни работи на Р. Словенија. Целната група, ни се невработени жени од Вардарскиот регион, вкупно 50 вклучени во реализацијата на проектот и активностите.




Целта на проектот е да се развијат креативните вештини да жените, и да се зголеми нивната свет за искористување на истите во претприемачки цели, односно - пласирање на нивните креативните изработки на пазарот, и генерирање сопствени приходи, преку продажба.

Во рамки на проектот, до 2015 година, се имплементираа следните активности:

• Создавање на Регионален Креативен Центар

Центарот е место во и од кој се координираат/имплементират сите активности согласно проектот т.е програмата за Економско Јакнење. Центарот е опремен со техничка опрема и материјали за имплементација на работилниците и изработка на креативните предмети. Воедно, претставува и ресурсен центар, со дата податоци и контакти, од жените инволвирани во проектот како понудувачи на производи за продажба и бизнис секторот и индивидуалци како потенцијални побарувачи.




• Имплементација на креативни работилници

Врз основа на афинитетите и побарувањата на жените опфатени со теренско истражување кое беше спроведено, беа дефинираа 5 категории и тоа: изработка на накит, доработка на предмети, традиционални техники на плетење и везење, ликовни техники и изработка на предмети од рециклиран материјал. Во шест месецен период се имплементирани вкупно 24 работилници, насочени кон усовршување и/или осознавање на одредена креативна техника, и обучија повеќе од 50 жени од Вардарскиот регион.




• Имплементација на тренинг сесии за развој на претприемачки вештини

Согласно Програмата за економско зајакнување, беа предвидени и имплементирани, тренинг сесии за жените опфатени со проектот, со тематики кои се детектираа како неопходни сегменти во целокупната слика за успешност како претприемач. Тренинг сесиите се однесуваа на темите поврзани со: комуникациски вештини и маркетинг, развој на бизнис планови и презентации на владините мерки за поддршка на претприемништвото. Истите се одржаа во Хотел Романтик, на кои присуствуваа 50 жени учеснички, и кои ги спроведоа искусни Универзитетски професори и преставик од Центарот за Вработување, Велес.




Промоција и продажба на креативните изработки

Посебен осврт енасочен кон промоција и продажба на креативните продуктите кои произлегуваат како продукт од креативната работа на учесничките. Активностите во овој дел предвидуваат:

презентација на изработените креативните предмети

изработен каталог во електронска и принт верзија кои ќе ја промовираат нивната работа и презентираат нивниот талент

изработени и поставени полици за промоција и продажба во деловни објекти (ресторани, хотели, продавници за сувенири)

креирани профили на луѓе за продажба, именувани како агенти за продажба, кои на терен ќе ги нудат и промовираат изработените креативни предмети.




До завршувањето на проектот во Септември 2016, преостануваат серија активности, со кои ќе се заокружи имплементацијата на целокупниот проектот, и ќе се постигнат крајните - етапно поставени цели.

**Ротари клуб „Бели Мугри“ и Фондација „Фокус“ по трет пат организираа новогодишна забава со децата згрижени во дом семејства**

Ротари клубот „Бели Мугри“ со помош и поддршка од Фондација за локален развој и демократија „Фокус“, трета година по ред, организираат новогодишна забава за деца сместени во згрижувачки семејства во Велес. Ротаријанците го избираат Фокус поради тоа што фондацијата долги години е препознатлива по филантропија. Даесет и три деца од Велес добија новогодишни пакетчиња и подароци. Тоа беа играчки наменети за детска возраст од 6 до 12 години.




На овој начин Ротаријанците од клубот „Бели мугри“ им посакаа на децата многу здравје, голем успех во учењето и секако одвоено време во кое ќе и се посветат на играта и во новата 2016 година. Вака сакаме да помогнеме на граѓани во нашата заедница бидејќи како хуманитарна организација целиме кон подобрување на работите во средината во која делуваме изјави претседателот на Ротари клуб „Бели Мугри“, Стефан Стефанов.

„Новогодишните пакетчиња и играчките ги купивме од сретствата што ги собравме на нашата хуманитарна акција Пастрмајлија и вино, организирана пред десеттина дена во еден ресторан во градот. Веруваме дека ќе има уште многу други поводи за вакви и слични детски забави на кои децата ќе се радуваат,“ рече Стефанов.





„Шест години наназад нашата Фондација организира настани и помага на разни здуженија и фирми кои сакаат да донираат на социјално немоќни семејства. Така беше и денеска и верувам дека традицијата ќе продолжи. Ние во нашата заедница сме препознатливи по хуманите активности. Верувам дека од година во година ќе расне бројот на донатори кои имаат за цел да насмеат и израдуваат многу деца како и да им ги направат празниците повесели на многу семејства во градот,“ рече Даниела Ковиловска координатор на програмата за Филантропија во Фондација „Фокус“.

Фондацијата „Фокус“ се надева дека вгодина ваквите настани во градот ќе бидат побројни и ќе ги организираат поголем број на општествено одговорни фирми, граѓански здруженија и поединци.

**МЛАДИ**

**Реупотребливи материјали**

Медиа Арт клубот на Младинскиот образовен форум од Велес во соработка со Фондацијата Фокус од Велес го организираше завршниот настан од модулот ,,Реупотребливи материјали", каде беа изложени изработените кукли,накит,честитки и брошови. Целта на натанот "И старотото може да биде ново" е да се информираат не само младите, туку и другите граѓани во Велес за рециклирање и реупотреба на отпад со намена во други облици и предмети.






„Преку овој настан сакаме да ја поттикнеме свеста на младите дека со рециклирање на отпадот од него можат да се создадат производи кои повторно ќе можат да се употребуваат ,“ рече координаторот на проектот Марија Баркова. Во изработката на новите предмети од рециклиран материјал учествуваа вкупно дваесет активисти волонтери. Од нив најголем дел беа девојки кои врено работеа во изминатите три месеци.

**Панел дискусија за младински политики во општина Велес**

Иницијативниот одбор на младинскиот совет во општина Велес одржа јавна панел дискусија со цел преку отворена дискусија да се запознаат учесниците за младинските политики и младинското организирање во градот.

„Произлегоа и препораки до Советот на млади во општина Велес, како и за неговото работење. Исто така се дискутираше за Локалната младинска стратегија на општина Велес кој е јавно достапен документ, се прибираа предлози од присутните за истите да бидат доставени до општината и да влезат во препораки за Локалната младинска стратегија“, велат од советот.




„Се стремиме кон подигнување на младинското информирање и зголемување на младинското учество за прашањата за млади и донесувањето одлуки на општината поврзани со младите“, рече Александар Стојковски, член на Советот на млади на општина Велес.

На панел дискусијата се обратија Кристина Пеева и Филип Христовски, претставници на Иницијативниот одбор за креирање на локален младински совет во општина Велес и

Александар Стојковски, претставник од Младинскиот совет во општина Велес, а модератор беше Стефан Каракачанов На истата присуствуваа млади, средношколци и претставници на младински организации во општина Велес.

Дискусијата е дел од проектот „Развој на локално младинско учество и локални младински политики”, финансиран од страна на Европска Унија (ИПА програма), а е воден од Младински образовен форум (МОФ) и Центар за меѓукултурен дијалог (ЦИД). Една од 12-те општини во кој овој проект се спроведува е и општина Велес.

Проектот „Развој на локални младински политики и локално младинско учество во 12 општини“ е насочен кон младите луѓе, младинските организации и сите форми на младинско здружување и локалната самоуправа. Главната цел на проектот е да се зајакнат капацитетите на младинското здружување на локално ниво, нивно формално препознавање од страна на општините, како и заедничка работа за унапредување на младинските политики на локално ниво, преку развој на младински активизам, младинска работа и младинско учество во процесите на донесување на одлуки. Проектот вклучува соработка со локалните самоуправи, локални акции и јавен процес на основање Локални младински совети, со поддршка од локалната самоуправа во 12 општини, а е финансиран од Европска Унија (ИПА програма – Civil Society Facility).

**Младите го разубавија Велес**

Во периодот од 28-ми септември до 4-ти октомври 2015 година беше реализирана младинската волонтерска акција „Млади, мурали и јавни простори“ која се одржа на неколку различни локации во Велес – Младински парк, Мал мост и Амфи-театар. На настанот присуствуваа 15 волонтери, поддржани од Фондацијата Фокус и истиот имаше за цел вклучување на младите во грижата за јавните простори и нивно креативно уредување, како и подигање на свеста на граѓаните за достапноста, уредувањето и грижата за јавните простор.





Волонтерската акција се состоеше од цртање мурали на одобрени локации од страна на Општина Велес, во која што студенти со различни профили, уметници, архитекти, инженери и дизајнери, преку употреба на боја, форма и композиција се обидоа да го разубават просторот кој припаѓа на сите граѓани.






Акцијата се спроведуваше во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско општество и Проектот „Младите онлајн – Радио МОФ“.

**Кампања за подигнување на свеста кај младите возачи**

Вози внимателно – некој те сака“, „Не седнувај зад волан пијан, за твојата забава ќе плаќа некој друг“, ова се само дел од пораките кои денеска неформална група средношколци активисти им ги упатија на младите велешки возачи. Со делење на флаери и брендирани шољи за кафе, на кои беа испишани разни пораки, тие се обидоа да ја подигнат свеста кај младите, додека седат зад волан или возат моторцикл, да ги почитуваат сообраќајните правила.




Кампањата за подигнување на свеста кај младите возачи се реализира со поддршка на Младински образовен форум и Фондација отворено општество, со локална поддршка на Фондација Фокус. Таа се одржува во осум градови низ државата.

**Изложба на фотографии-„Шимшир порти затворени“**

Триесетина фотографии со портите од најавтентичните куќи од старата велешка архитектура наместо во ликовен салон каде се одржуваат речиси сите ликовни изложби и изложби на фотографии, беа изложени во еден кафе бар во градот. Фотографиите ги изработија членовите на Медиа арт клубот при Младинскиот образовен форум од Велес во соработка со Фондацијата „Фокус“. Според нив фотографиите ги симболизираат затворените врати на институциите во општеството. Изложбата е насловена „Шимшир порти затворени“.




Младите членови речиси еден месец ги фотографираа старите градби низ Велес со најавтентични порти кои се симбол на сите затворени врати кои ги имаме во општеството и во институциите“, рече координаторот на изложбата Стефан Каракачанов.




Младите претходно на предавања учеа и вежбаа како да ги изработат фотографиите кои имаат единствена цел, пораката да ја пренесат до сите граѓани кои се соочиле и сеуште се соочуваат со затворени врати во местото каде живеат.